ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXIV

Скопје,
јуни 2011 г.

Иницијатива на РЦПЛИП – ПОРАКА
"Правата да станат реалност – 100 дена за ратификација!"

"Исток – Исток: партнерства без граници"
Студиска посета во Македонија за претставници од Киргистан, Казахстан и Таџикистан

Партнерство на РЦПЛИП – ПОРАКА и Општина Радовиш
Усвоен и промовиран Локалниот акционен план за попреченост во Општина Радовиш

Осврти на тема:
"Сиромаштија и попреченост"

Соработка со Х.Е.Р.А
Обука за сексуално, репродуктивно здравје и права на лицата со попреченост

Наша страница
Хуманитарна акција на здружението на жени "Бојана"

СОДРЖИНА

2 страна
100-та ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

3 страна
Правата да станат реалност - 100 дена за ратификација

4 и 5 страна
Студиска посета во Македнија

6 страна
Усвоен и промовиран Локалниот акционен план во Радовиш

7, 8 и 9 страна
Осврти на тема "Сиромаштија и попреченост"

10 и 11 страна
Обука за сексуално, репродуктивно здравје и права

12 страна
Европа во акција 2011

13 страна
Активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

14 страна
Активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

15 страна
Барањата да се приспособат на можностите

16 страна
Наша страница

"ПОРАКА"
Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА
Гласилото излегува секои 3 месеци

Главен и одговорен уредник:
Виолета Димоска

Уредувачки одбор:
Василка Димоска
Владо Крстовски
Маја Гацоска

Графичко обликување и печат:
Дата Понс, Скопје
Тираж 1.000 примероци
Јуни 2011 год. Број 2, год. XXIV

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.

Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ја доби 100-тата ратификација

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е првиот меѓународен договор за човекови права во 21-от век. Од своето отворање за потпишување на 30-ти март 2007 година, Конвенцијата за правата на лица со попреченост имаше голем број на потпишувања и ратификации, и постави нова основа со тоа што е првиот договор на ОН за човекови права кој е ратификуван од организација за економска интеграција (Европската унија). Сепак, се уште има многу држави кои не ја потпишале или ратификувале Конвенцијата и нејзиниот Опционен протокол.

На 10 мај 2011 година, Колумбија стана 100-тата земја што ја ратификуваше оваа Конвенција. Со тоа, таа се приклучи кон оние земји кои сега поддржуваат поголем пристап, поддржани од нивните легални системи, за граѓаните со попреченост целосно да учествуваат во животот во заедницата, вклучително и политичкиот процес и здравствените и образовни сервисни служби.

„Ова е значајна пресвртница за Колумбија и за глобалната заедница. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е моќна алатка за инклузија и развој. Треба да ја користиме за конкретни подобрувања во животот на лицата со попреченост" рече Генералниот секретар на Обединетите нации Ban Ki-moon, говорејќи за 100-тата ратификација. Sha Zukang, Генерален потсекретар на одделот за Економски и социјални работи, што воедно служи и како секретаријат за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост рече: „Во голема мера сме охрабрени од 100-тата ратификација на Конвенцијата. Тоа претставува големо постигнување за меѓународната заедница која работи за праведно и рамноправно општество, засновано на еднаквост и еднакви можности за сите, вклучувајќи ги и лицата со попреченост."

„Постигнувањето на прагот од 100 ратификации покажува дека Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост има широко распространета поддршка од меѓународната заедница" рече Diane Richler, заседавач со Меѓународниот сојуз за попреченост (International Disability Alliance – IDA), „Многу земји ја зацементираа нивната заложба за промовирање и заштитување на правата на лицата со попреченост; сепак, долг е патот до обезбедување на целосното почитување на достоинството, не-дискриминацијата, инклузијата и учеството на лицата со попреченост на еднаква основа со другите."

На овој ден, ИДА ги повикува сите држави кои се уште не ја ратификувале Конвенцијата, да ги преземат сите легални акции што се потребни за да се обезбеди брза ратификација на Конвенцијата без резерви или интерпретации, и да се потсетат оние кои ја ратификувале од потребата за проактивна имплементација на Конвенцијата преку законски и програмски акции, со активно вклучување на репрезентативните организации на лица со попреченост на национално, регионално и на меѓународно ниво.

ЕАСПД ја поздравува ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во Колумбија и се надева дека и многу други земји ќе го следат добриот пример бидејќи и десет земји членки на ЕУ се уште не ја ратификувале Конвенцијата. Сепак, ЕАСПД ја потсетува ЕУ да го ратификува и Опциониот протокол на Конвенцијата.

Истовремено се повикуваат и останатите држави да го ратификуваат Опциониот протокол со цел да им се овозможи на поединците и на групите да поднесуваат жалби поврзани со кршења на човековите права директно до меѓународниот комитет на експерти. Овие процедури за жалби се особено важни за да се осигура ефективна правда во однос на кршењата на човековите права.

ИДА исто така ги повикува оние држави кои ја ратификувале Конвенцијата со резерви или изјави, истите да ги повлечат, вклучително и оние кои биле оспорувани од другите држави дека се спротивни на целите на Конвенцијата. Ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и нејзиниот Опционен протокол, без резерви и/или изјави ја покажува јасната заложба на државата кон универзалните човекови права кои се заштитуваат со оваа Конвенција.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА за ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

ПРАВАТА ДА СТАНАТ РЕАЛНОСТ – 100 ДЕНА ЗА РАТИФИКАЦИЈА

РЦПЛИП – ПОРАКА доби предизборни заложби од политичките партии

Идентификувајќи ја тешката состојба на лицата со попреченост и нивните семејства, Генералното собрание на Обединетите нации на 13 декември 2006 година ја усвои Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и нејзиниот Опционен протокол. На 30 март 2007 година, беше отворен процесот за потпишување и истиот ден оваа Конвенција ја потпишаа 82 земји членки на ОН, меѓу кои и нашата држава.

Оттогаш поминаа четири години, а Република Македонија се уште не покажала иницијативи во однос на ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Всушност, нашата држава е меѓу последните земји во регионот кои не ја ратификувале Конвенцијата. Притоа, важно е да се забележи дека Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е ратификувана и има сила на закон во сите 27 земји-членки на Европската унија.

За таа цел Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во соработка со Националниот демократски институт за меѓународни односи (НДИ), спроведе иницијатива со која директно се обрати до сите политички субјекти во Република Македонија. Иницијативата под мотото "Правата да станат реалност - 100 дена за ратификација" се однесува на потребата од ратификување на Конвенција на ОН за правата на лицата со попреченост од страна на Република Македонија. Имајќи во предвид дека во Македонија се подготвуваат предвремени парламентарни избори, во соработка со маркетинг агенцијата Genessis се подготви Картичка за заложба, која што беше доставена до 10 политички партии. Со Картичката за заложба се побара од политичките партии да се заложат дека ратификувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ќе биде на политичката агенда во првите 100 дена од конституирање на новата извршна власт.

Иницијативата "Правата да станат реалност - 100 дена за ратификација" започна на 27.04.2011 година со прес конференција и траеше до 13.05.2011 година. Во тој период беше организирано и медиумско информирање за актуелната состојба на лицата со попреченост и нивните семејства во Република Македонија и за потребата од унапредување на нивните основни права и слободи. Поголемиот дел од политичките партии покажаа интерес во однос на иницијативата "Правата да станат реалност - 100 дена за ратификација" и ја потпишаа Картичката за заложба, со што се обврзаа дека претставниците од нивните политички партии кои ќе бидат во новиот парламентарен состав ќе се заложат за ратификување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во Собранието на Република Македонија.

Со цел да не се етикетира политички, медиумскиот дел од иницијативата "Правата да станат реалност – 100 дена за ратификација" заврши пред официјалниот старт на изборната кампања на политичките партии, односно на 13.05.2011 год. Крајот, повторно беше означен со прес конференција на која РЦПЛИП – ПОРАКА ја информираше јавноста кои партии ја потпишаа иницијативата. Но, нашата заложба и активности продолжуваат и понатаму се додека не се ратификува оваа Конвенција во Република Македонија.

Зошто ратификацијата на Конвенцијата е важна за нас? Конвенцијата го потенцира менувањето на парадигмата во односот, пристапот и прифаќањето на лицата со попреченост, од објект на милосрдие, медицински третман и социјална заштита кон нивно прифаќање како рамноправни граѓани со права, потреби и можности да придонесуваат во општеството. Со ратификација на Конвенцијата, државата ја потврдува социјално развојната определеност во креирањето на политиката и градење на демократско општество со еднакви права и можности за своите граѓани. Мора да се напомене дека со Конвенцијата не се воведуваат или креираат нови права. Конвенцијата всушност го појаснува начинот и механизмот на спроведување на веќе постоечките права земајќи ја предвид спецификата на попреченоста.


ПОРАКА

Со цел Република Македонија да обезбеди еднакви права и можности за лицата со попреченост, јас во името на _____ (партија) изразувам

ЗАЛОЖБА

за ратификација на потпишаната Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, во првите 100 дена од конституирањето на собранискиот состав 2011 со која ќе се обезбеди целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите лица со попреченост.

Сите вклучени!
Правата да станат реалност!

_____ Град, датум

_____ Име и презиме

Нови партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА

Студиска посета за размена на искуства во областа на грижа и заштита на лица со попреченост во Македонија

Улогата на организациите на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства е докажана како исклучително важна во процесот на иницирање на промени, во согласност со меѓународното мото "Ништо за нас, без нас". Реформите во системите кои обезбедуваат права за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, во различни држави се на различно ниво.

Различните култури, традиции и опкружувања, делуваат на генералните правци на развојот на општеството, но зајакнатите граѓански организации на лицата со интелектуална попреченост и нивните родители можат ефективно да придонесат во креирањето на сеопфатни политики и програми за остварување на човековите права. Преку вмрежување, размена на искуства и знаење, меѓусебно учење и пренесување на добрите практики и модели со соодветни адаптации, организациите на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства ќе можат поуспешно да ја остварат својата мисија.

Тргнувајќи од тоа, РЦПЛИП – ПОРАКА во периодот од 12-ти до 17-ти април 2011 година организираше студиска посета за размена на искуства во областа на грижа и заштита на лица со попреченост во Република Македонија за 12 родители и претставници од невладини организации за подобрување на правата и грижа за деца со интелектуална попреченост од Киргистан, Казахстан и Таџикистан.

Целта на студиската посета беше размена на искуства во областа на грижа и заштита на лица со попреченост, промовирање на позитивни практики и пристапи во работата со лицата со попреченост и градење нови партнерства на организациите и институциите од Република Македонија со организации и институции од Киргистан, Казахстан и Таџикистан. Исто така, ширење на мрежа на соработка и можност за нови партнерства и заеднички проекти со цел за унапредување на правата и работа со лица со интелектуална попреченост.

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, како домаќин организација на групата за студиски престој, изготви работна програма. Во програмата беше предвидено посета на соодветни сервисни служби за грижа и работа со лица со интелектуална попреченост во Р.Македонија, состаноци со претставници од соодветни институции кои работат на оваа проблематика, размена на искуства и презентации на моделите и добрите практики од Киргистан, Казахстан и Таџикистан.

Првиот ден од студискиот престој учесниците беа пречекани во хотел Континентал, каде се одржа и иницијален состанок. На состанокот се презентираше програмата на студискиот престој, како и очекувањата од учесниците, но и од домаќините.

Вториот ден започна со состанок во Министерството за труд и социјална политика на кој учесниците се запознаа со македонските владини политики во однос на лицата со попреченост. Претставникот на МТСП се осврна на клучните реформски процеси и ја претстави законската рамка, системот на социјални надоместоци, мрежата на сервисни служби и на институции кои се менаџирани од страна на МТСП. Исто така, на состанокот беа презентирани активностите на МТСП за вклучување на НВО секторот во процесот на донесување на одлуки, како и во процесот на обезбедување на социјални сервисни служби. Потоа, учесниците на студиската посета го посетија дневниот центар за адолесценти и возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост во Скопје, управуван од РЦПЛИП – ПОРАКА, при што имаа можност директно да го увидат функционирањето на сервисна служба управувана од НВО секторот. Претставниците на РЦПЛИП – ПОРАКА детално го објаснија секој аспект од работата на дневниот центар. Имајќи во предвид дека најголемиот дел од учесниците на студиската посета се претставници на родителски организации кои се

"Исток - Исток: партнерства без граници"

заинтересирани за оформување на сопствени сервисни служби, беа поставувани прашања за начинот на управување со дневниот центар и за потешкотиите во обезбедувањето на одржливост и континуитет на работата на дневниот центар. Потоа следеше посета на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со интелектуална попреченост - претставување на државна институција каде учесниците на студиската посета ги видоа условите во државна институција со поголем сместувачки капацитет, инфраструктурата и содржинските аспекти. Работниот дел од програмата заврши со посета на станбената единица во населба Железара – Скопје во која живеат 4 лица со интелектуална попреченост кои се деинституционализирани, т.е. извлечени од Специјалниот завод - Демир Капија. Учесниците ги увидоа условите во сервисна служба за живеење со поддршка која е лоцирана во заедницата и имаа можност да направат споредба помеѓу ваквиот тип на згрижување со државната институција која претходно ја посетија.

На 14.04.2011 година, третиот ден од студиската посета, учесниците го посетија дневниот центар за деца со интелектуална попреченост во Куманово, кој е еден од 23-те вакви сервисни служби во мрежата на Министерството за труд и социјална политика. Директорот на Центарот за социјална работа – Куманово, под чии ингеренции е дневниот центар, заедно со вработените ги претставија поставеноста на сервисната служба, програмските активности и начинот на функционирање. На состанокот учествуваа дел од родителите на корисниците, кои разменија искуства со родителите од Киргистан, Казахстан и Таџикистан. Во текот на овој ден, се реализираше и посета на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост во Крива Паланка. Корисниците на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост - Крива Паланка подготвија своја програма (приредба со музика и танци) со која се преставија пред учесниците на студиската посета. Следеше обиколка на дневниот центар и состанок со Директорот на Центарот за социјална работа – Крива Паланка и дел од вработените во дневниот центар. На состанокот, учесниците имаа можност да чујат повеќе во однос на фунционирањето на овој дневен центар, кој всушност е првиот дневен центар отворен во Македонија во 1994 година. Дневниот центар се карактеризира со тоа што во него се опфаќаат лица со интелектуална попреченост без ограничување на возраста и со одличната соработка со локалната организација на РЦПЛИП – ПОРАКА во Крива Паланка. Следеше посета на згрижувачко семејство во кое е згрижено лице со интелектуална попреченост кое е извлечено од Специјалниот завод – Демир Капија.

Согласно програмата, за четвртиот ден од студискиот престој, РЦПЛИП – ПОРАКА организираше тркалезна маса во хотел Континентал, на која учествуваа претставниците од Киргистан, Таџикистан и Казахстан, претставници од: Фондација Институт Отворено Општество Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Завод за социјални дејности, Завод за рехабилитација на деца и младинци со интелектуална попреченост, ПОУ Златан Сремец, локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА, здружение "Отворете ги прозорците", здружение "Хера", Служба за домување со поддршка, Дневни центри на МТСП. На тркалезната маса, учесниците од Киргистан, Таџикистан и Казахстан ги презентираа своите организации/институции, своите програми и сервисни служби, успесите и потешкотиите во функционирањето. Во продолжение, учесниците од Македонија поставуваа прашања од својот делокруг и интерес. Во вториот дел на тркалезната маса, преставникот на Министерството за здравство ги претстави активностите кои ова министерство ги презема за унапредување на здравјето на лицата со попреченост во Македонија. Исто така, претставникот на здружението "Отворете ги прозорците" ги претстави нивните програмски активности.

Петтиот, воедно и последен работен ден од студискиот престој, беше предвиден за состанок на кој беше спроведена финална евалуација на престојот, потоа осмислување на можни активности и идни чекори. Учесниците укажаа дека благодарение на добро осмислената програма на студиската посета, го увидоа целосно системот на грижа и заштита на лица со попреченост во Република Македонија. Исто така, учесниците посочија дека се стекнаа со знаења за можни решенија за унапредување на системот во своите земји, како и за неопходноста од повеќе видови и форми на сервисни служби, што ќе им користи во нивната идна

продолжува →

“Исток - Исток: партнерства без граници”

работа. Со оглед на тоа што во нивните земји системот на грижа и заштита е на пониско ниво, за особено значајно го истаканаа постоењето на мрежа од дневни центри. Притоа, потенцираа дека квалитетот на сервисните служби кои се раководени од страна на граѓански организации е на забележително повисоко ниво. Како додадена вредност на студиската посета беше посочено поврзувањето помеѓу самите учесниците од трите земји кои беа застапени на студиската посета.

Евалуацијата на студиската посета укажа дека целта на проектот беше постигната. Со реализацијата на проекот беше овозможено и реализирано:

- Размена на искуства во областа на грижа и заштита на лица со попреченост помеѓу различни региони и култури,
- Промовирање на позитивни практики и пристапи во работата со лицата со попреченост,
- Градење нови партнерства на организациите и институциите од Република Македонија со организации и институции од Киргистан, Казахстан и Таџикистан,
- Воспоставување на соработка и помеѓу самите учесници на студиска посета,
- Ширење на мрежа на соработка и можност за нови партнерства и заеднички проекти со цел за унапредување на правата и работа со лица со интелектуална попреченост.

Учесниците од Киргистан, Таџикистан и Казахстан беа задоволни од организацијата и реализацијата на студиската посета, од технички и содржински аспект, за што упатија благодарност до тимот на РЦПЛИП - ПОРАКА.

Програма “Градот и попреченоста” на РЦПЛИП - ПОРАКА

Усвоен и промовиран Локалниот акционен план за попреченост во Општина Радовиш

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во периодот од март 2010 до март 2011 година во Општина Радовиш ја спроведуваше програмата „Градот и попреченоста – креирање на локални акциони планови за попреченост”. Имплементацијата започна со подготвителни активности, состанок со Градоначалникот на Општина Радовиш, креирање на работната група за креирање на локалниот акционен план и потпишување на меморандум за соработка при реализацијата на целата програма со општината и со локалните институции и организации на лица со попреченост вклучени во овој процес.

Понатамошната фаза опфати обука на работната група во однос на изготвување на Локален акционен план за попреченост. Преку обуката, членовите на работната група стекнаа знаење од различни области поврзани со правата на лицата со попреченост. Во рамките на четвртата фаза од оваа програма, се спроведоа работилници во кои членовите на работната група директно работеа на креирањето на Локалниот акционен план. Во текот на разработката, членовите на работната група поставуваа цели и приоритети кои се реални и изводливи, а истовремено се во согласност во ресурсите на локалната заедница. За секој од приоритетите се дефинираа цели и задачи, одговорни институции за спроведување на истите, временска рамка и извори на финансирање. Вака изготвениот документ се презентираше пред јавноста во Општина Радовиш преку јавна дебата. Учесниците на оваа јавна дебата (советници во Општина Радовиш, претставници на локалните институции и организации и останати чинители) можеа да дадат позитивен фидбек и конструктивни забелешки во однос на презентираниот стратешки документ. Во текот на завршната фаза од програмата, се дорабоги нацрт-текстот на Локалниот акционен план за попреченост во Општина Радовиш земајќи ги предвид забелешките од јавната дебата.

На седницата на Советот на Општина Радовиш одржана на 25.03.2011 година, советниците едногласно го усвоија Локалниот акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во Општина Радовиш 2011 – 2013 година. На 20.06.2011 година, РЦПЛИП - ПОРАКА и Општина Радовиш одржаа промоција на Локалниот акционен план во Радовиш.

Осврти на тема "Сиромаштија и попреченост"

Како може да ја прекинеме врската помеѓу попреченоста и сиромаштијата?

Д-р Василка Димоска,
Програмски менаџер во РЦПЛИП - ПОРАКА

Доколку сакаме да започнеме со анализа на условите за живеење на лицата со попреченост и нивните семејства во едно општество, треба да го разбереме концептот на попреченоста. Дефинирањето на попреченоста е сложено и контраверзно. Мултидимензионалната природа на попреченоста претставува многу повеќе отколку индивидуален здравствен или медицински проблем. Попреченоста е резултат на сложени интеракции помеѓу функционалните ограничувања на поединецот (физички, интелектуални или сетилни/сензорни состојби) и социјалното и физичкото опкружување. Настанувајќи од оштетувања, попреченоста има силни социјални импликации кои водат кон социјални и економски неповолни состојби, ускратување на права и ограничени можности во општеството.Поради тоа, треба да се прифати дека попреченоста е прашање поврзано со човековите права, маргинализација и исклучување.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ги истакнува тесно поврзаните прашања помеѓу сиромаштијата и попреченоста. Во преамбулата е нагласено дека "Признавајќи ја вредноста на постојните и потенцијалните придонеси од лицата со попреченост за благосостојбата во целост и различноста на заедниците од каде потекнуваат, и дека унапредувањето на целосното уживање на човековите права и основните слободи на лицата со попреченост, како и нивното целосно учество ќе придонесе за нивно зголемено чувство на припадност, и за значаен напредок во човековиот, социјалниот и економскиот развој на општеството и искоренувањето на сиромаштијата". Општо земено, сиромаштијата и попреченоста меѓусебно се зајакнуваат, зголемувајќи ја ранливоста и исклучувањето на поединците. Понатаму, "Истакнувајќи го фактот дека поголем дел од лицата со попреченост живеат во услови на сиромаштија, а со тоа признавајќи ја критичната потреба од посветување на негативното влијание на сиромаштијата врз лицата со попреченост".

Очигледно е дека попреченоста и сиромаштијата честопати се манифестација на истиот процес.

"Сиромаштијата не е само тема на ниски приходи за да ги задоволат основните потреби за преживување. Како таква, сиромаштијата е тесно поврзана со социјално исклучување, маргинализација, ранливост, немоќност, изолација и други економски, политички, социјални и културни димензии на лишување… Таа резултира од ограничувањето и немањето пристап до основните инфраструктури и сервиси, и понатаму е измешана со немањето пристап на лицата до имот, кредит, технологија и институции и до други продуктивни средства и ресурси што се потребни за обезбедување на одржлива живеачка." (1995 Истражувачки извештај за проценка на сиромаштијата, цитирано од Dube и Charowa 2005:9)

Врската помеѓу попреченоста и сиромаштијата честопати се опишува како маѓепсан круг, а многу елементи од овој циклус се неизбежно испреплетени. Живеењето во сиромаштија ја зголемува веројатноста од повреди, оштетување и попреченост; исклучувањето на попреченоста води кон поголеми стапки на сиромаштија. Основната врска во овој круг е исклучувањето. Честопати се претпоставува дека да се биде сиромашен и со попреченост води кон најтешката можна изолација. Забележително е дека и попреченоста и сиромаштијата се симптоми на начинот на кој општеството е организирано. Очигледно, високите нивоа на стигма и предрасуди кон лицата со попреченост, дури и во 21-от век, водат кон нивно подлабоко исклучување и дискриминација во општеството. Во прилог на нивниот ограничен пристап до основните програми за здравствена грижа, образование и вработување, неисхранетост и субстандардни животни услови, лицата со попреченост и нивните семејства најчесто паѓаат се подлабоко и подлабоко во хронична сиромаштија без изглед за излез од овој круг. Без подобро вклучување, лицата со попреченост автоматски стануваат економски товар за општеството. Во актуелната ситуација на финансиска криза, неопходно е овие факти сериозно да се земат предвид при процесот на планирање и развој на стратегии и акции. Елиминирањето на сиромаштијата не може да се постигне доколку не се земат предвид правата и потребите на исклучените лица и лицата со попреченост.

Многу истражувања, изјави и политики се изготвени во однос на лицата со попреченост и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, многу меѓународни агенции кои делотворно работеле на ова поле. Можеби, јавните говори се променети до некоја мера, но лицата со попреченост се уште се меѓу најмаргинализираните во општеството.

продолжува →

Неодамна, за време на Конференцијата на ЕАСПД во Скопје, Македонија, во октомври 2010 година, главното предупредување од страна на учесниците беше дека штедливите мерки кои ги имплементираат владите ги загрозуваат социјалните сервисни служби низ цела Европа. Генерално, социјалниот сектор се соочува со екстремни намалувања во буџетот и последиците на овој недостаток на финансирање може да го скрши носечкиот столб на Европските социјални системи.

Европската унија треба да им пристапи на овие предизвици преку развивање на повеќе-секторски одговори на сложените збирови на фактори кои влијаат врз секојдневниот живот на лицата со попреченост и нивните семејства. Вклучувањето на прашањата од областа на попреченоста во агендата за економски развој би отворило нови можности за лицата со попреченост и нивниот ефективен придонес за економскиот развој на нивните земји. Поради тоа, треба сите заедно да делуваме за да се одржат во живот Европските социјални системи и да се постави основа за подобрување на актуелната ситуација на лицата со попреченост и нивните семејства, што е од суштинско значење за успешна имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во Европа.

Попреченост, сиромаштија и социјална исклученост: поглед на врската помеѓу попреченоста и сиромаштијата

Miriana Giraldi,
Службеник за политики во ЕАСПД

Во последно време имаше многу дискусии за намалување на сиромаштијата и социјалното исклучување во ЕУ. Скорешната иницијатива ЕУ 2020 на Европската Комисија која ветува избавување на 20 милиони лица од сиромаштија во следната деценија (една од "насловните цели"), како и декларацијата од 2010 како Европска година против сиромаштија и социјално исклучување го катализираа вниманието на овие многу важни прашања. Се разбира, крајно време е да се преземе акција и да се поправи неприфатливата ситуација во која живеат голем број на лица во ЕУ или се во ризик од сиромаштија – дури иако Европа е еден од најбогатите региони на светот. Оваа ситуација стана уште поитна поради длабоката финансиска, економска и социјална криза во последниве години, која, на прво место, не може да се обвини за "креирање" на сиромаштија и исклучување во Европа, но која донесе јасен доказ за дисфункција на нашите економски системи. Овие, и покрај годините на развој, не беа во можност да го затворат јазот помеѓу богатите и сиромашните Европејци. Спротивно на тоа, овој јаз прогресивно се проширува, правејќи ги европските општества помалку еднакви од порано, и покрај напорите за опфаќање на овие прашања.

Истовремено, дискусиите се повеќе се концентрираат на темата за нееднаквостите во приходите и на растечкиот јаз помеѓу богатите и сиромашните луѓе во Европа. Подобрените економски стандарди во последниве години не беа споделени подеднакво.

Попреченост и сиромаштија во Европа

Постои недостаток на специфични податоци за **сиромаштијата и попреченоста** во ЕУ, но расположливите информации назначуваат дека за лицата со попреченост е **двојно поверојатно да живеат во сиромаштија** отколку лицата без попреченост. Тоа е поради различни причини: лицата со попреченост имаат **пониски стапки на вработеност** отколку лицата без попреченост, а и кога се вработени, **веројатноста е поголема да бидат на работни места со пониски квалификации, а со тоа и помалку се платени**.

Бариерите во средината исто така придонесуваат за пониските стапки на вработеност. Непристапен транспорт, на пример, може да значи дека лицата со попреченост не можат да се вработат, дури и ако најдат некое работно место.

Едно истражување неодамна спроведено во Велика Британија јасно ја покажува оваа ситуација: 30% од возрасните со попреченост на работноспособна возраст живеат во сиромаштија: тоа е двојно повеќе отколку возрасните без попреченост, и загрижувачки, се забележува нагорен тренд во последните години. Понатаму, недостатокот од вработување не може да ја влоши само сиромаштијата туку и социјалното исклучување, особено кога возрасните лица со попреченост живеат во домаќинство со еден член. Врската помеѓу вработувањето и сиромаштијата е важна, бидејќи иако платената работа не може со сигурност да се смета за "осигурување" против сиромаштијата, како што покажуваат податоците за "сиромашните кои работат", исто така се покажало дека **работата може значајно да го намали ризикот од сиромаштијата**. Истовремено, **надоместоците од социјалната заштита** не се доволни да го чуваат невработеното домаќинство надвор од сиромаштијата. Исто така, се покажало дека проблемот е во тоа што лицата со попреченост **имаат помалку квалификации**, што ги зголемува потешкотиите во наоѓањето вработување. Она што е интересно да се забележи е дека овој факт може да се реплицира на секое ниво: т.е. без разлика на нивото на квалификации, лицата со попреченост е поверојатно дека ќе сакаат да работат, но нема да се во можност да најдат работа, а пак доколку се вработат, поголема е веројатноста да бидат платени помалку.

Поради тоа, соодветниот пристап до **образование со висок квалитет** на еднаква основа со другите претставува една од клучните алатки за да се обезбеди дека лицата со попреченост ќе можат да ги имаат истите

животни можности како и сите други. Образованието подразбира пристап до квалификации и обука, поголеми можности за избор на кариера, поголема интеграција во општеството и зголемена самоопределба.

Сепак, важно е да се има на ум дека **попреченоста – сиромаштијата подразбира повеќе отколку невработеност и ниски приходи.** Се однесува на недостаток од можности и очекувања кои потекнуваат од нешто што е широко колку и ставовите на луѓето, до нешто што е специфично, како на пример аспирациите на едно лице. Сиромаштијата предизвикува стрес, лоши здравствени услови и изолација. Сиромаштијата значи губење на лична слобода и честопати креира маѓепсан круг, каде лошите услови се зголемуваат, а сиромаштијата се пренесува од една на друга генерација.

Овие набљудувања беа меѓу резултатите на едно неодамнешно истражување спроведено во Фландрија (Белгија), еден од најбогатите региони во ЕУ. Истражувањето спроведено од Универзитетот на Антверпен и насловено "Попреченост, приход и пристап до здравствена грижа" откри дека 25% од лицата со попреченост во Фландрија живеат под линијата на сиромаштија, и дека дури и лицата кои имаат приходи над ова ниво честопати имаат потешкотии да сврзат крај со крај. Една од последиците е дека лицата **не го добиваат соодветниот пристап до здравственагрижа** едноставно бидејќи одењето на доктор, или на стоматолог или купување на нов пар очила или друга опрема е премногу скапо. **Бирократијата** поврзана со повраќањето на средства исто така се смета за товар, како и **недостатокот на пристапни информации**, што исто така придонесува за лицата кои не ја добиваат здравствената грижа што им е потребна. Истражувањето воедно откри дека многу лица со попреченост **немаат избор во однос на домување**. Многу од нив живеат на имоти за социјално домување едноставно бидејќи другите опции не се достапни со цена.

Сите овие информации укажуваат на двојната врска помеѓу сиромаштијата и попреченоста, и помагаат во објаснувањето за начинот на кој сиромаштијата може да доведе, или да ја влоши попреченоста.

Европска политика за социјално вклучување

Добро познат факт е дека проектот за Европска интеграција, во суштината е економски. Сепак, прогресивно поблизок сојуз помеѓу државите членки доведе до зголемена потреба да се обезбеди дека и социјалната димензија е исто присутна во европските политики. Напорите во ова поле во изминатите 10 години се координирани преку таканаречената Лисабонска стратегија, план договорен од страна на Европските шефови на држави и влади во 2000 година. Лисабонската стратегија беше многу критикувана бидејќи не ги исполни своите цели. Иако е точно дека до 2008 година постигнат е некаков напредок, на пример, зголемување на целокупните стапки на вработеност (од 62.2% до 65.9%), не беше обрнато доволно внимание на социјалната и територијалната кохезија, а влијанието врз сиромаштијата беше минимално со зголемување на сиромаштијата меѓу населението на ЕУ од 2005 до 2010 година со 2% - со веќе опипливи ефекти од кризата.

Наспроти оваа позадина, Европската комисија одлучи да започне нова стратегија за обезбедување на одржлив и инклузивен раст во текот на следните 10 години: ЕУ 2020. Димензијата за социјално вклучување од овој план е многу попозната отколку во претходната, и поставени се јасни, квантитативни цели во неколку области, нешто што треба да помогне во систематизирањето на напорите за имплементација и да обезбеди јасна заложба за постигнување на овие цели. Лидерите на ЕУ се согласија, иако не без потешкотии, да извлечат 20 милиони Европејци од сиромаштијата до 2020 година. Ова е една од 5-те "насловни цели", другите се за истражување, енергија, вработување и образование – јасно е дека социјалното вклучување фигурира високо во новата агенда. Она што се однесува на намалувањето на сиромаштијата, целта која со тешкотии се усогласи помеѓу државите членки, е збир од 3 показатели кои опфаќаат различни димензии на сиромаштијата: монетарна сиромаштија, материјална депривација и безработни домаќинства. Сето ова претставува многу добра вест, и покажува дека Европската елита сфатила дека социјалните политики не можат повеќе да се сметаат за помошни на економските политики, и дека треба да се направат конкретни напори за да се обезбеди благосостојбата и квалитетот на живеење за сите лица кои живеат во ЕУ. Исто така, јасно е дека вклученоста на локалните власти и граѓанското општество ќе биде клучно во доставувањето на овие политики и придонесување кон креирањето на трајна промена.

Токму затоа, загрижувачки е да се сфати дека малку референци се направени за социјалните сервисни служби во стратегијата на ЕУ 2020. Обезбедувањето пристап до и доставување на јавни и социјални сервисни служби со висок квалитет треба да бидат во фокусот на обновените социјални политики на државите членки, доколку сакаат да се справат на ефективен начин со ефектите од финансиската, економската и социјалната криза. Оваа криза влијаеше на голем број лица во Европа, невработеноста се зголеми, а потребата за сервисни служби со висок квалитет порасна. Домаќинствата со средни приходи се најдоа под притисок бидејќи губеа работни места, а приходите и ресурсите се влошуваа. Сепак, овие лица имаат подобра позиција за пристап до сервисни служби кои порано не им беа потребни бидејќи се подобро образовани, подобро интегрирани во општеството и повеќе можат да се снајдат во потребната бирократија. Поради тоа, најранливите, уште еднаш се во ризик да не бидат во можност да пристапат до виталната поддршка што им е потребна.

Во декември 2010 година, Европската комисија предложи да се воспостави Европска платформа против сиромаштија и социјално исклучување, како еден од своите седум носечки иницијативи за акција кои ќе служат за таа цел. Платформата е насочена кон креирање на заедничка заложба помеѓу државите членки, институциите на ЕУ и клучните чинители за борба со сиромаштијата и социјалното исклучување. ЕУ 2020 и нејзината носечка иницијатива покажува волја за работа кон социјална правда во Европа. Да се надеваме дека ќе има доволно политичка волја и на ниво на ЕУ и на ниво на државите членки за да се осигура дека се обезбедени потребните финансиски алатки со цел адекватно да се имплементираат овие планови.

Соработка со Х.Е.Р.А.

Работа со лица со попреченост на тема сексуалност, сексуално и репродуктивно здравје и права

Х. Е. Р. А

Зошто посебна Програма за работа со лица со попреченост на тема сексуалност, сексуално и репродуктивно здравје и права?

Сексуалноста не може да се разгледува надвор од контекстот и целосниот развој на поединецот, а тоа се однесува и за лицата со интелектуална попреченост. Иако нивното психосексуално созревање има одредени карактеристики по кои се разликуваат од други личности, тоа е значаен дел од нивниот личен идентитет, индивидуалното и социјалното функционирање. Потребен е соодветен пристап, прилагоден на возраста, индивидуалниот развој и индивидуалните потреби.

Спроведувањето на Програма за сексуалност, сексуално и репродуктивно здравје, подразбира почитување на човековите права.

Обука за работа со лица со попреченост на тема сескуалност, сексуални и репродукативно здравје и права

Во периодот од 07 - 09 март 2011, за институции и организации кои работат со лица со попреченост беше одржна обука за работа со лица со попреченост на тема сесксуалност, сексуално и репродуктивно здравје и права. Тренингот се оддржа во Скопје и беше организиран од страна на Х.Е.Р.А. (Асоцијација за здравствена едукација и истражување), во соработка со Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА и со финансиска поддршка на ИППФ (Интернационална федерација за планирање на семејство).

Поддршка имавме и од Министерство за труд и социјална политика. Информацијата за одржување на тренингот од нивна страна беше испратена до сите државни дневни центри за лица со попреченост.

Постоеше голем интерес, но за жал поради ограничен буџет беа повикани само 10 институции/организации со по двајца свои претставници (едно лице од машки и едно лице од женски пол).

Со овој тренинг беа опфатени претставници од Министерство за труд и социјална работа, ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, државни дневни центри за лица со попреченост од Дебар, Гостивар, Кавадарци, Штип, ЈУ Специјален завод - Демир Капија, ДСУ за рехабилитација и образование Наум Охридски - Скопје, ПОУ Д-р Златан Сремец, РЦПЛИП - ПОРАКА (дневни центри од Скопје, Охрид и Радовиш) и НВО Порака Наша - Куманово.

Обуката беше наменета пред се за лицата кои директно работат со лица со попреченост и нивните семејства, а идејата беше да се стекнат со одредени информации и вештини кои ќе им бидат значајни во секојдневната работа. Во оваа фаза беа опфатени 10 пилот институции и организации кои ќе работат на ова поле во периодот мај - октомври 2011 година.

Учесниците беа вклучени во интерактивни работилници. Дел од работилниците беа за: Човекови и сексуални права, Пубертет, Разликување на примерно и непримерно однесување, Сексуалност и сексуален развој, Истражување и воспоставување на границите кај различни видови врски, Полово преносливи инфекции, ХИВ/СИДА, Контрацепција и абортус, Препознавање на потенцијално опасна ситуација и заштита од злоупотреба.

Исто така, беа презентирани и дискутирани Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и Политиката за сексуалност и лица со попреченост.

Низ игри на улога, вежби, дискусии и мини предавања, сите учесници беа во можност да стекнат нови знаења или да ги потврдат веќе постоечките, и да добијат идеи и вештини за работа на тема сексуално

Соработка со Х.Е.Р.А.

и репродуктивно здравје и права. Во зависност од групата со која работат и во зависност од средината и потребите кои ги имаат корисниците во центрите/институциите и нивните старатели/родители, професионалците кои учествуваа на тренингот изработија Акциони планови за работа. Акционите планови беа изготвени за секоја институција/организација посебно, со активности и начин на работа погоден за целната група и нејзините потреби.

Од страна на Х.Е.Р.А. беа обезбедени нагледни средства и материјали кои треба да помогнат во понатамошната работа.

Активностите предвидени во Акционите планови ќе се реализираат во период мај - октомври 2011. Во овој период предвидени се по две мониторинг посети во секоја организација/институција, од страна на претставници на Х.Е.Р.А. и РЦПЛИП - ПОРАКА, кои ја следат реализацијата на активностите. Начинот на работа во овие пилот институции/организации, позитивните и негативните искуства и можните проблеми кои ќе произлезат од нивната работа, ќе бидат споделени како искуства на јавен настан пред крајот на оваа година.

Од досегашните извршени мониторинг посети во неколку од институциите/организациите, може да се пофалиме со одлична соработка со родителите и тимовите кои работат во институциите/ организациите. Пријатно сме изненадени од изјавите на родителите: “Добро е што некој почна да зборува и работи на овие теми”, “Ова е во право време, му треба на моето дете”, “Сите ги имаме истите права и потреби”, “Одлично е што ќе зборуваат и работат во дневниот центар за овие теми”.

Продолжуваме...

Продолжуваме со следење на предвидените активности и мониторинг посетите. Пред крај на годинава искуствата кои сите ние, професионалци, лица со попреченост, родители/ старатели, креатори на политики, ќе ги имаме од досегашите активности, ќе ги споделиме и ќе донесеме план што понатаму.

За почеток ќе видиме што е добро и значајно да го промовираме како позитивно искуство, а што е она што недостасува и треба да се надополни.

Продолжуваме да работиме и промовираме сексуално и репродуктивно здравје и права за сите, со посебен акцент на лицата со попреченост. Сакаме сите да бидат свесни и имаат можност да ги уживаат сексуалните права.

Лицата со попреченост да имаат полесен пристап до поддршка, образование и обука, што директно го помага нивното уживање на сексуалноста и сексуалните врски.

Лицата со попреченост поддржано да ги остварат своите права, да имаат лични односи и да ја истражуваат својата сексуалност, во безбедна средина (интимен, приватен, личен простор).

Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

Одржано годишното собрание не Европската Инклузија „Европа во акција 2011"

„Акција на семејствата за вклучување на лицата со интелектуална попреченост во општеството" беше централна тема на „ЕВОРПА ВО АКЦИЈА 2011" – годишен конгрес на Европската Инклузија, што се одржа минатата недела во Ларнака, Кипар. Конфе-ренцијата, која траеше два и пол дена, овозможи взаемна размена на ставови и искуства меѓу лицата со интелектуална попреченост, нивните роднини и професионалците, како и креатори на политики на европско ниво.

Семејствата се главни поддржувачи на инклузијата и оспособувањето на децата и возрасните со интелектуална попреченост. Тие беа меѓу првите гласови на движењето за попреченост и се уште се главните доживотни застапници за попреченоста.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост вели дека семејствата треба да ја добиваат *„потребната заштита и поддршка која ќе им овозможи да придонесуваат за целосно и еднакво уживање на правата на лицата со попреченост."* Целта на Европа во акција 2011 беше, според тоа, да се идентификуваат **предизвиците и очекувањата на овие семејства** и да се разгледаат **конкретни мерки** кои можат да се преземат од различни чинители со цел тие да се поддржат и да се оспособат.

Конференцијата беше одржана под покровителство на **Soteroulla Charalambous,** Министер за труд и социјално осигурување на Кипар. **Yannis Vardakastanis,** лидер на Европскиот форум за попреченост и говорник на настанот, ја истакна потребата од унапредување на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост – особено во време на економска криза. **За да се направи Конвенцијата на ОН да стане реалност, потребно е добро разбирање на различноста на лицата со попреченост.**

Johan Ten Guezendam, шеф на Одделението за правата на лицата со попреченост, беше претставник од Европската комисија, и тој ја претстави **Стратегијата на ЕУ за попреченост 2010 – 2020**, и ја поврза со економската стратегија на ЕУ **Европа 2020**. *„Треба да осигураме дека лицата со попреченост ќе имаат бенефит од стратегијата на Европа"*, рече тој за време на конференцијата. Целите поврзани со вработувањето, образованието и намалувањето на сиромаштијата можат да се постигнат само ако политиките на ЕУ ги вклучат лицата со попреченост.

За време на конференцијата, самозастапниците, родителите, браќата и сестрите, и други роднини работеа заедно со професионалците за да се идентификуваат **главните предизвици за семејствата со лица со интелектуална попреченост.** Тие опфаќаат постојано прилагодување во текот на различни фази од животот на лицето со интелектуална попреченост и балансирање на потребите на сите членови од семејството. Недоволната финансиска поддршка за справување со дополнителните трошоци поврзани со попреченоста; недостатокот на психолошка помош, професионално советување и недоволни информации за иновативните методи за оспособување на лицата со интелектуална попреченост, како и членовите на семејството без попреченост, исто така беа споменати меѓу клучните прашања. Понатаму, семејствата се уште треба да се борат со негативните ставови кон лицата со интелектуална попреченост, кои често се гледаат како неспособни за донесување одлуки и за живеење на сопствениот живот.

Лицата со интелектуална попреченост сакаат да **бидат дел од заедницата**. Самозастапниците на конференцијата ги побараа нивните права **да живеат самостојно, нивните одлуки да се признаваат пред законот и да учествуваат во политичкиот и во јавниот живот** на општеството. *„Не е доволно да се биде на масата или во просторијата за состаноци, лицата со интелектуална попреченост треба да имаат вистинско влијание,"* рече **Maureen Piggot**, новиот претседател на Европската Инклузија, за време на конференцијата. **Andrew Doyle**, заседавач со Европската платформа на самозастапници, истакна: *„Дури и со закони што ни даваат права, многу од нас се уште не се дел од нашата заедница." „Со нашите приказни сакаме да ги охрабриме политичарите и донесувачите на одлуки да гледаат на нас како на еднакви членови во општеството,"* заклучи **Senada Halilcevic**, самозастапник од Хрватска и член на одборот на Европската Инклузија.

Со цел справување со погоре споменатите предизвици, важно е да им се овозможи на семејствата (вклучувајќи самозастапници, родители, браќа и сестри и други роднини) да споделуваат искуства и да се борат за нивните права, вклучително и формалното признавање на неплатената семејна грижа и компензација за дополнителните трошоци околу попреченоста. Семејствата треба да се вклучени во националната **имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост**. „Триалогот" меѓу лицата со интелектуална попреченост, нивните роднини и професионалците треба да се поддржува како средство за создавање разлика во животот на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.

Финалниот настан за Европскиот **проект „Нови патеки кон инклузија"** беше одржан како дел од конференцијата Европа во акција 2011. Проектот работи со иновативен метод на **планирање насочено кон лицето (Person Centred Planning – PCP)** како средство за олеснување на инклузивниот и самоопределен живот за лицата со интелектуална попреченост. Целта на проектот е да го пренесе концептот за PCP и неговите практики од Велика Британија до другите земји во Европа. Конференцијата Европа во акција 2011, на која присуствуваа претставници од скоро сите европски земји, беше навистина совршена можност за ширење на резултатите од проектот на европско ниво.

Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

Активности со Факултет за ликовна уметност

Воспоставената соработка со Факултетот за Ликовна Уметност - отсек Вајарство продолжува понатаму. Како што беше договорено, во пролетниот период спроведовме уште една работилница со студентите на овој факултет. Работилницата беше на тема "Велигден" и беше реализирана во просториите на факултетот, а дел од изработките беа изложени одреден период. Посетата ни беше возвратена од една помала група на студенти кои ги посети корисниците на дневниот центар и ни донесоа дел од заеднички изработените велигденски декорации.

Активности со коњичкиот клуб "Три Стар"

Минатата година, корисниците на дневниот центар ПОРАКА – Скопје континиурано го посетуваа коњичкиот клуб "Три Стар", каде спорведуваа активности за грижа и работа со коњи. Оваа пролет соработката продолжи и повеќе од два месеци корисниците и ангажираните лица, поделени во во групи, ги посетуваат терените на коњичкиот клуб во Ѓорче Петров.

Основната цел на оваа активност е да се развие љубов кон животните – коњите како и да се научи како да се грижиме за нив и да им ја одржуваме хигиената.

Како сосема крајна цел е да научиме правилно да го одржуваме телото додека јаваме, а за оние кои не можат да јаваат е предвидено и набавка на кочија. Во работата со корисниците, освен нашиот пријател Пабло, вклучен е професионален јавач и физиотерапевт.

Активности на дневиот центар - ПОРАКА Радовиш

Хумана акција на организацијата на жени "Деница" – Радовиш

По повод големиот христијански празник Велигден, организацијата на жени "Деница" – Радовиш организираше хумана акција за продажба на производи (слатки и солени) од домашно производство и рачни изработки направени со љубов и внимание. Паричните средства добиени од оваа продажба беа наменети за корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

Со задоволство ја прифативме нивната покана да присуствуваме на оваа нивна прва хумана акција посветена на нашите корисници, која се одржа во манастирот "Свети Ѓорѓија" во село Ораовица – Радовиш.

Тука беше одржан вистински велигденски хепенинг од народни игри со гостување на голем број на фолклорни ансамбли и друштва од нашата земја, но и од соседните држави, а во организација на

фолклорниот ансамбл "КИТКА" од село Ораовица во знак на нивно 40 годишно постоење.

Изложените домашни производи ги намамија бројните посетители, со што продажбата беше успешна и се собраа финансиски средства кои ќе бидат наменски искористени за потребите на дневниот центар. Упатуваме благодарност до организацијата на жени "Деница" за оваа нивна иницијатива, да се биде хуман во вистинско време и на вистинско место, како и за нивниот придонес кон подигнување на јавната свест за потребите на лицата со интелектуална попреченост.

Се надеваме дека овој нивен пример ќе го следат и други организации и институции, со хумани акции за сите оние на кои им е потребна помош и внимание.

Активности по повод велигденските празници

Честа прв да го наговести и започне велигденското празнување, како по некое непишано правило и оваа година му припадна на г-дин Николајчо Николов, заменик генерален директор на рудникот Бучим, со донирање на велигденски пакетчиња од слатки производи на корисниците на дневниот центар и на дел од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш. Упатуваме искрена благодарност за неговата хуманост и самоиницијатива од сите корисници и нивните родители.

На 21.04.2011 година, по повод големиот христијански празник Велигден, локалната самоуправа во соработка со образовните и воспитните установи, невладините организации и Центарот за култура "Ацо Караманов" - Радовиш, ја организираше традиционалната манифестација "Најубаво велигденско јајце, велигденски цртеж и велигденска песна – 2011 година". Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш и оваа година не ја пропуштија можноста да учествуваат на манифестацијата со свои лични ракотворби и цртежи и да се претстават пред радовишката јавност на полето на уметничко изразување и творење.

За нас посебна радост претставуваа пофалните зборови упатени од страна на голем број граѓани и претставници од воспитните установи за прекрасните дела кои беа изложени.

Манифестацијата беше проследена со музички спектакл од модерен балет и изведби на пијано, презентирање на наградените велигденски песни од учениците од основните училишта, а проследена од медиумите во нашиот град. Велигденската изложба беше отворена до крај на април 2011 година.

Преземен текст од "24 часа здравје", 30-ти април 2011 година

Барањата да се приспособат на можностите

Пишува:
Катерина Митре
Интервју со:
д-р Роза Андонаки-Ивановска

Соодветната стручна помош родителите обично ја остваат како крајна мерка, иако стручниот совет треба да биде една од првите мерки кои треба да се преземат. Сепак, родителите треба да знаат дека секое отстапување во однесувањето не значи дека детето има проблем, односно пречки во развојот

Анализирајќи одредени моменти во однесувањето на луѓето, лесно можеме да откриеме каква е нивната емоционална состојба, како и воспитувањето, темпераментот и социјалната зрелост. Сепак, мора да се напомене дека однесувањето на луѓето не е секогаш исто. Луѓето знаат да го адаптираат своето однесување соодветно на барањата и на условите од средината во даден момент. Кога станува збор за децата, и за оние со пречки во развојот, со сигурност би кажале дека нивното однесување во семејството и во градинките или училиштата не е исто.

- Децата се склони да го менуваат своето однесување во зависност од ситуациите, односно доколку детето почувствува дека може да манипулира со околината, тоа и го прави, и обратно, доколку наиде на строги ситуации, бргу се адаптира на нив. Тие во домашна средина претежно се поразгалени, но во отсуство на родителите знаат да се однесуваат соодветно на барањата од околината. Во основата на секое однесување се мотивите, желбите и емоциите на личноста, но важни се и социјалните односи и очекувања. Се мисли на индивидуалните желби што секоја личност ги има, на двигателите на човечката личност и на однесувањето како нејзин резултат – вели Роза Андонаки-Ивановска, дефектолог-олигофренолог.

ПРЕЧКАТА Е ВО ОСНОВАТА НА ОДНЕСУВАЊЕТО

Можни се повеќе варијанти на несоодветна манифестација на однесувањето. Не е ретка појавата на нестабилност, односно лабилност во односите и во ставовите, несоодветни емоционални реакции во односите со врсниците, анксиозност, голема раздразливост и низок праг на толеранција на околината.

- Децата со пречки во развојот покажуваат поинакво, несоодветно однесување, што за околината ги прави неприфатливи и неразбрани. Не се ретки ни стравовите од одвојување, лесното приврзување за околината, несфаќање на авторитетот (најчесто обраќањето и односот се исти со врсниците и со авторитетите), агресивност, неконтролирано смеење или бес, кои немаат посебна причина за почеток, а може да траат и подолг период – вели Андонаки-Ивановска.

Во основата на однесувањето кај децата со пречки во развојот стои самата пречка. Имено, разните групи на попреченост имаат свои специфичности. Лицата со оштетен вид покажуваат повеќе специфичности при имитација на движењата, во соодветните емоционални експресии, со еден збор, во сите стилови на однесување кои се резултат на визуелната перцепција како што се односите со врсниците, гестикулација, мимика и слично. Лицата со оштетен слух имаат специфичности во вербалното однесување, односно учењето на врсничките фрази и жаргони и нивна примена и разбирање. Кај лицата со телесен инвалидитет специфичностите се манифестираат како неможност за имитација на движењата на околината, а кај лицата со пречки во психичкиот развој однесувањето се карактеризира со лабилност, наивност и крутост.

- Она што би ги опфатило сите групи на попреченост заедно се еден поинаков вид на однесување, гледано од аспект на општата популација, која истото потешко го прифаќа. Кога би се обиделе да ги прецизираме тие поинакви видови однесување, би кажале: хиперкинетско однесување (зголемена подвижност без посебна концентрација на одредена активност), дисхармонично однесување, анксиозност, стравови, повлеченост, агресија (вербална, физичка или автоагресија), несигурност, депресивност, апатичност, деструктивно однесување и карактеристичната општа зависност од својата околина. Склони се кон создавање конфликтни ситуации, најчесто поради неразбирање на околината и создаваат слаби социјални контакти (другарствата бргу ги формираат и исто толку бргу ги прекинуваат) – објаснува Андонаки-Ивановска.

СТРУЧНАТА ПОМОШ Е ГЛАВНА МЕРКА

Во основа однесувањето на едно дете е резултат на низа случувања во околината и, секако, самиот развој на детето. Но, однесувањето е и основа за поквалитетен општ развој на детето.

- Родителите треба да знаат дека секое отстапување во однесувањето не значи дека детето има проблем, односно пречки во развојот. Но, чести отстапувања, неприспособувања, напади на агресивност, бес или смеење, потоа повлеченост, наедаптација и слично, треба да се следат. Барањето соодветна стручна помош родителите обично го остваат како крајна мерка, иако стручниот совет треба да биде една од првите мерки кои треба да се преземат при секое отстапување кај децата – додава Андонаки-Ивановска.

Многу е важно барањата од средината, посебно родителите да се приспособат на можностите на детето. Имено, родителот треба да научи дека високите барања можат да придонесат за развој на фрустрации и за стравови од неуспех кај детето, а ниските пак, можат да го направат детето пасивно и неангажирано.

- Не постои инструмент со помош на кој ќе може да се најде правата доза на барања и очекувања од детето, па токму затоа родителите мора да ги научат можностите и ограничувањата кај своето дете, со што би се избегнале негативни појави. Со овозможување добра средина за развој на детето, со разбирање на неговите потреби и желби, но и на можностите се зголемуваат самодовербата и сигурноста на детето, но и среќата и задоволството кај родителите – вели Андонаки-Ивановска.

Во однос на работата со деца со пречки во развојот нема унифициран модел за работа, туку третманот се води според типот на пречките.

Наша Страница

Хуманитарна акција на Здружението на жени "Бојана" - Сарај

Соработката со Здружението на жени "Бојана" од општина Сарај започна во март оваа година, со посета на дел од раководството на здружението "Бојана" на дневниот центар - ПОРАКА Скопје.

Претставничките на здружението имаа можност да се запознаат со работата и програмските активности на дневниот центар. Тогаш, на нивна иницијатива, беше одлучено здружението "Бојана" да организира хуманитарна акција за набавка на потребни средства и материјали за работа во дневниот центар.

Еден месец подоцна, претставничките на "Бојана", овој пат во поголем број, повторно го посетија дневниот центар, носејќи вредни донации во вид на: спортска опрема, материјали за работно-окупационите работилници, потоа кујнски материјали и уште многу други нешта за практична употреба во дневниот центар.

Притоа, г-ѓа Гордана Саздовска, претседател на здруженито "Бојана", им се обрати на присутните корисници и на донаторите: "Преку вакви акции, се надминуваат предрасудите и стереотипите кај пошироката јавност кон лицата со интелектуална попреченост и се промовира кохезивно општество со добри и похумани односи и меѓусебна почит".

ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје, во име на своите членови, упатува голема благодарност до здружението "Бојана" и до сите донатори кои се вклучија во оваа хуманитрна акција.

ISSN 0350-5863